# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки


### Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10

Скопје, 1000

00 389 2 6139874

contact@all4fairtrials.org.mk


јуни, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 05.06.2019 година, рочиштето за главен претрес продолжи во фаза на доказна постапка со сослушување на 6 сведоци предложени од страна на одбраната.

На 24.06.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на двајца сведоци од причина што истите не беа спроведени.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 11.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со сослушување на 3 сведоци предложени од страна на одбраната.

## „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 06.06.2019 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше вештак и тоа вкрстено од страна на одбраната.

На 26.06.2019 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше вештак, вкрстено од страна на одбраната.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 10.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на Специјалното јавно обвинителство.

На 13.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјалните докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 25.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца обвинети од причина што истите не беа спроведени од куќен притвор.

## „ НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР“ К-1904/16

На 05.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше сослушан еден сведок предложен од страна на одбраната.

На 19.06.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа сослушани вкупно тројца сведоци предложени од страна на одбраната.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 12.06.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше утврден идентитетот на обвинетите.

На 28.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ЗМИСКО ОКО“ КОК-38/16

На 12.06.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради тоа што предметот со сите списи сѐ уште не е вратен од Врховен суд, каде  се одлучува по однос на неколку поднесени барања за повреда на право за судење во разумен рок.

## „ТРИСТА“ КОК-7/19

На 11.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што вештиот наод и мислење не биле изготвени.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 07.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на 2 сведоци предложени од страна на одбраната.

На 27.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТАМАРА“ К-930/18

На 03.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на сведок, директно од страна на одбраната. Од причина што

истиот сведок беше прогласен за непријателски, одбраната премина на негово вкрстено испитување.

На 07.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 06.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТЕНКОВСКИ ДЕЛОВИ“ К-1978/16

На 12.06.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради отсуство на јавен обвинител.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 25.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

На 27.06.2019 година, на рочиштето за главна расправа во дополнение на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТВРДИНА 2“ К-1129/18

На 12.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ТИТАНИК 3“ К-1905/17

На 13.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани 3 сведоци, со решение на судот се одлучи да се прочита исказ на четвртиот сведок даден пред обвинителство од причина што истиот е недостапен за органите на прогонот.

### „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 20.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет и сведоци.

### „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

На 06.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 11.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на Специјалното јавно обвинителство.

На 18.06.2019 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан еден сведок предложен од страна на Специјалното јавно обвинителство.

### „МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ К-817/11

На 19.06.2019 година, на рочиштето за главен претрес беше испитан еден сведок.

На 24.06.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради барање за изземање на судија поротник во предметот од страна на бранителот на прваобвинетиот.

### „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

На 20.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет.

### „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 24.06.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на Специјалното јавно обвинителство.

На 17.06.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи.